РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр. 11-2618/2
06-12-2024/20
Скопје

**ДО**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА**

**ПРЕДМЕТ:** Мислење по нов текст на Предлог Законот за заштитено пријавување и заштита на укажувачи

Почитувани,

Во врска со Вашето барање мислење заведено под Наш бр.11-32/7 од 14.10.2024 година со кое е доставен нов дополнет текст на Предлог Законот за заштитено пријавување и заштита на укажувачи во кој се вградени измени во насока наусогласување на одредбите со предлозите дадени од страна на Транспаренси Интернешнел-Македонија, односно од фокус групата во рамки на проектот „Исполнување на ветувањата за укажување: Одбрана на правата на граѓаните и борбата против корупцијата„ Државната комисија за спречување на корупцијата го дава следното:

## М И С Л Е Њ Е

Државната комисија за спречување на корупцијата од аспект на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/2019) по разгледување на усогласениот текст од горенаведениот Предлог Закон со предлозите дадени од страна на Транспаренси Интернешнел-Македонија односно од фокус групата во рамки на проектот „Исполнување на ветувањата за укажување: Одбрана на правата на граѓаните и борбата против корупцијата, кои се однесуваат на дел од одредбите кои го уредуваат

постапувањето на овластеното лице за прием на пријави од укажувачи во колегијален орган, како и во дел од одредбите кои ја уредуваат судската заштита, не утврди постоење на регулаторни ризици од корупција.

Имено, во член 17 од предложениот закон е додаден нов став (5) согласно кој, за потребите за обезбедување на услови за непречена работа како и за потребите за донесување одлука или преземање друго дејствие во постапување по пријави од укажувач, лицето за прием на пријави од укажувачи овластено во субјектот кој е колективен орган има обврска да го информира лицето кое е овластено да го претставува субјектот или неговиот заменик.

Дополнително, Државната комисија ги разгледа и измените во дел од одредбите за судска заштита во ново додадените ставови (2) и (3) во членот 35 од предложениот закон, кои ги уредуваат фактите и доказите и правилата на докажување кои судот е овластен да ги утврди и примени заради правилно решавање на спорот, односно донесување на одлука во интерес на заштита на лицата кои со предложениот закон имаат право на судска заштита..

По разгледување на наведените одредби, Државната комисија утврди дека од апсект на Методологијата за антикорупциска проверка на легислативата, предложените законски одредби се јасни и прецизни и во таа смисла нема правни недостатоци кои претставуваат две главни категории на регулаторни ризици од корупција.

Претседател,
Татјана Димитровска

Изработил: А.С
Контролирал: Б.В.Б
Одобрил: М.К